Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA E MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI I NDOTJES INDUSTRIALE DHE MENAXHIMIT TË
RREZIKUT

Арх.бр./Nr. i arhivës: 11-2229/9
Дата/Data 11-06-2024

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 год.), а согласно член 119 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05 и 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012 ,93/2013, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22 и 171/22), постапувајќи по доставено Известување бр.11-2229/1 од 20.03.2024год. за престанок со работа поради дислокација на инсталацијата и План за ремедијација во Прилог, од страна на **Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје,** Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

# РЕШЕНИЕ

## За Одземање на А – Интегрирана еколошка дозвола

**1.**Се донесува решение за одземање на А - Интегрирана еколошка дозвола за: операторот **Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје, на локација под закуп на Бул. Борис Трајковски бр.73 Скопје (Погон Билјана ОХИС),** поради престанок со производство(одгледување на канабис за медицинска употреба и производство на активни фармацевтски состојки, екстракти од канабис, како и нестерилни течни, цврсти и полу-цврсти фармацевтски дозирани форми), и дислокација на ул.112 бр.217, Индустриска зона Ќојлија, општина Петровец, Скопје

**2.Постапката за Одземање на А-Интегрираната еколошка дозвола** УП1-11/3-.561/2019 од 21.08.2019год. следи по Известување бр.11-2229/1 од 20.03.2024год. за престанок со работа поради дислокација на инсталацијата и План за ремедијација за дислокација на инсталацијата.

**3.**Согласно законските одредби од областа на животна средина, во конкретниот случај, **носителот на А-Интегрирана еколошка дозвола,** активноста не ја врши во обем и во време утврдено во дозволата.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

**4.** Се задолжува операторот на инсталацијата, да ги спроведе мерките на начин и во рок утврден во предложениот план со мерки за ремедијација на локацијата на која се наоѓаше инсталацијата пред дислокација.

5. Операторот да превземе мерки и обврски за враќање на животната средина во задоволителна состојба, со посебен акцент управувањето со резидуи. при дислокација.

6. За новата локација на адреса на ул.112 бр.217, Индустриска зона Ќојлија, општина Петровец, Скопје, операторот на инсталацијата **Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје,** да поднесе Барање за А-ИЕД со опфат на новата состојба по однос на инсталирана опрема и сл. по претходно спроведена постапка за оцена на влијанијата врз животната средина.

**7.** За сите нови моменти кои не се опфатени во дозволата, како инсталирање нова опрема, постројка или сл. да се постапува по претходно спроведена постапка за оцена на влијанијата врз животната средина.

## Образложение

За правниот субјект, **Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје, на локација под закуп на Бул. Борис Трајковски бр.73 Скопје (Погон Билјана ОХИС),** од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање, издадена е А – Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3-561/2019 на ден 21.08.2019год.

Од денот на издавање на А-ИЕД, инсталацијата, **Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје,** за одгледување на канабис за медицинска употреба и производство на активни фармацевтски состојки, екстракти од канабис, како и нестерилни течни, цврсти и полу-цврсти фармацевтски дозирани форми, своите активности, на оваа локација ги вршеше со сите соодветни одобренија од надлежни институции и во согласност со условите утврдени во А – Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3-561/2019 на ден 21.08.2019год.

**На ден** 20.03.2024год **од страна на Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје, на локација под закуп на Бул. Борис Трајковски бр.73 Скопје (Погон Билјана ОХИС),** доставено е Известување бр.11-2229/1 со План за ремедијација во Прилог (по налог на државен инспектор за животна средина), за


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

престанок со производство и дислокација на ул.112 бр.217, Индустриска зона Ќојлија, општина Петровец. Известувањето е доставено по задолженијата од Решението на државен инспектор за животна средина ИП1 бр.15-53 од 26.02.2024год. за операторот на инсталацијата **Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје, на локација под закуп на Бул. Борис Трајковски бр.73 Скопје (Погон Билјана ОХИС).**

Постапувајќи од делокругот на своето работење, а во согласност со предметниот закон, спроведена е постапка за одземање на дозволата, по претходно известување од 22.05.2024год. доставено на адреса на носителот на дозволата, ДИЖС, општина Кисела Вода и Град Скопје.

Министерството за животна средина и просторно планирање, следствено на тоа, во согласност со член 119 став (1) од Законот за животна средина, одлучи за донесување на Решение за Одземање на А-Интегрираната еколошка дозвола УП1-11/3 - 561/2019 од 21.08.2019год. поради дислокација на инсталацијата вклучително и **носителот на А-Интегрирана еколошка дозвола,** активноста не ја врши во обем и во време утврдено во дозволата на претодно наведената локација.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот
Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатсво за правното средство:** Против ова решение може да се изјави жалба во износ од 250,00 денари упатени на жиро смека 840*** ** ** ** во готови пари до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од објавување на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија.

Со почит,

Me respekt,

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил/Përgaditi: Светлана Глигорова
Контролирал/Kontrolloi: Besa Tateshi
Одобрил/Aprovoi: Nazim Aliti
**Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor**
**Директор/Drejtor**
**Hisen Xhemaili**

**Доставено до: Друштво за производство, трговија и услуги НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје, на локација под закуп на Бул. Борис Трајковски бр.73 Скопје (Погон Билјана ОХИС), Државен инспекторат за животна средина, општина Кисела Вода и Град Скопје;**